**Известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, Република Србија ќе стекне контрола над ТТТВ ЕЛЕКТРО КДС ДОО БЕЛГРАД (ЧУКАРИЦА), Београд, Република Србија**

**(предмет бр. 08-156/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 18.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија, има намера да стекне непосредна поединечна контрола над ТТТВ ЕЛЕКТРО КДС ДОО БЕЛГРАД (ЧУКАРИЦА), со регистрирано седиште на улица Стевана Димитријавиќа 9, Београд, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникаци и пред се услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.
„Телеком Србија” акционерско друштво Белград има поврзано лице на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, регистрирано за дејност: жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на „Телеком Србија” акционерско друштво Белград на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

ТТТВ ЕЛЕКТРО КДС ДОО БЕЛГРАД е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.

ТТТВ ЕЛЕКТРО КДС ДОО БЕЛГРАД нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантени пазари се малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.11.2025 година

Скопје